Врз основа на член 67 став (1) точка 2. потточка 2.2., а во врска со член 155 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10 јуни 2026 година донесе

**О Д Л У К А**

**за одобрување на Правила за изменување и дополнување на Правилата за долгорочни прекугранични капацитети на Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје**

1. Со оваа одлука се одобруваат Правилата за изменување и дополнување на Правилата за долгорочни прекугранични капацитети на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

2. Се задолжува Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје, Правилата од точка 1 на оваа одлука да ги објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на неговата веб страница.

3. Оваа одлука се доставува до Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 67 став (1) точка 2 потточка 2.2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25) Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) одобрува правила, планови и програми донесени од соодветните оператори.

Регулаторната комисија за енергетика на 30 април 2026 година донесе Одлука за одобрување на Правилата за долгорочни прекугранични капацитети на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје бр. 12-65/ од 30 април 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 92/26).

На 8 јуни 2026 година АД МЕПСО Скопје со допис бр. 09-3496 од 8 јуни 2026 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-912/1 од 8 јуни 2026 година достави текст на Правилата за изменување и дополнување заедно со Одлука на Управниот одбор бр. 02-3495/1 од 8 јуни 2026 година .

Регулаторната комисија за енергетика достави свои забелешки на предложените измени и дополнувања по што АД МЕПСО Скопје со допис бр.09-3531 од 9 јуни 2026 година заведен во архивата на Регулаторната комисија за енергетика под бр. 12-912/2 од 10 јуни 2026 година достави текст на Правилата за изменување и дополнување  со имплементирани забелешки и Одлука на Управниот одбор бр. 02-3530/2 од 9 јуни 2026 година

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 12-912/6**
**10 јуни 2026 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги**
**и услуги за управување на комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

Прилог:

- Правила за изменување и дополнување на Правилата за долгорочни прекугранични капацитети на Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје, АД МЕПСО Скопје